Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-3249/2
18.12. 2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 149 од Законот за здравствена заштита Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 65/13, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 101/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 93/17 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), член 11 од Правилникот за специјализациите и субспецијализциите на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата и фармацијата и на здравствените соработници со високо образование (Службен весник на Република Северна Македонија” број 275/2021) и Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот, бр.02-3249/1 од 16.12.2024 година, а во врска со Програмата за потребите од специјалистички и суспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи 2023-2026 година, (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 163/2023, 254/2023), Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Стоматолошки факултет - Скопје распишува

# О Г Л А С
## за одобрување на специјализации (државни) на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј”во Скопје, Стоматолошки факултет - Скопје за здравствени работници вработени во јавни здравствени установи

## I. Јавни здравствени установи и број на специјализации

Согласно Програмата за потребите од специјалистички и суспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи **за 2024 година**, доделени се специјализации од областа на стоматологијата на здравствени работници вработени во следните јавни здравствени установи за кои се распишува овој оглас:

1. Јавна здравствена установа - Здравствен дом - Кичево:
   - специјализација од областа детска и превентивна стоматологија ....................1
2. Јавна здравствена установа - Здравствен дом - Тетово :
   -специјализација од областа детска и превентивна стоматологија......................1
3. Јавна здравствена установа - Здравствен дом - Скопје:
   - специјализација од областа детска и превентивна стоматологија ....................5
4. Јавна здравствена установа - Здравствен дом - Валандово:
   - специјализација од областа детска и превентивна стоматологија ....................1
5. Јавна здравствена установа - Здравствен дом - Вевечани:
   - специјализација од областа детска и превентивна стоматологија ....................1
6. Јавна здравствена установа - Здравствен дом - Битола:
   - специјализација од областа детска и превентивна стоматологија ....................1
7. Јавна здравствена установа - Здравствен дом - Струга:
   - специјализација од областа детска и превентивна стоматологија ....................1
8. Јавна здравствена установа -Општа болница со проширена дејност Прилеп:
   - специјализација од областа орална хирургија ..................................................1
9. Јавна здравствена установа - Клиничка болница Штип:
   - специјализација од областа максилофацијална хирургија................................1
10. Јавна здравствена установа - Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат-максилофацијална хирургија Академик Илија Васков- Скопје:
   - специјализација од областа максилофацијална хирургија................................1

## II.Услови и документи

Здравствените работници за кои Јавните здравствени установи ќе поднесат барање за одобрување на специјализација, треба да ги исполнуваат условите согласно член 141 од Законот за здравствена заштита, односно да имаат:

- завршен Стоматолошки факултет,

- завршен приправнички стаж и положен стручен испит ,
- лиценца за работа.

Во прилог на барањето/упатницата за одобрување на специјализација, освен документацијата за кандидатите со која се докажува исполнетоста на условите, а која треба да биде заверена на нотар, Јавната здравствена установа од делот I на овој оглас задолжително доставува и:

- бодовна листа за селекција на кандидати кои се вработени во Јавната здравствена установа по завршен јавен или интерен оглас и
- одлука за одобрување на специјализацијата, односно супспецијализацијата донесена од јавната здравствена установа за тоа кој здравствен работник се упатува на соодветната специјализација, односно супспецијализација.

## III. Рок за пријавување

Барањето за одобрување на специјализациите до УКИМ - Стоматолошки факултет во Скопје со целокупната документација се поднесува од страна на Јавната здравствена установа каде е вработен здравствениот работник, најдоцна во рок од **30 дена** од денот на објавување на огласот, до архивата на Факултетот или по пошта на адреса: ул.„Мајка Тереза” бр. 43, Скопје.

**Универзитет “Св.Кирил и Методиј”во Скопје**
**Стоматолошки факултет - Скопје**